РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА
ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
Број Сп. 12
Датум 06.07.09 200 год.
Скопје

Врз основа на член 32 и член 71 став 2 алинеа 4 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија", број 35/2008), Одборот за акредитација на 18-та седница, одржана на 6.07.2009 година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за акредитација на Елаборатот за основање на Економски факултет прв и втор циклус при Универзитетот за туризам и менаџмент – Скопје**

1. Се прифаќа Елаборатот за основање на Економски факултетот на Универзитетот за туризам и менаџмент – Скопје , врз основа на исполнетоста на условите согласно Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр.35/08 и бр. 26/09) и Правилникот за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" број 33/3).

2. Акредитацијата од точка 1 на ова решение се дава на Економскиот факултет за прв и втор цикус при Универзитетот за туризам и менаџмент – Скопје.

3. По завршените тригодишни студии студент кој завршил додипломски студии на Економскиот факултет, се стекнува со звање : дипломиран економист, а по завршените студии од вториот циклус во траење од две години, се стекнуваво звање : Магистер по економски науки.

4. Основачот е должен во целост да го реализира Елаборатот од точка 1 на ова решение по однос на исполнетоста на условите за вршење на високообразовна дејност во согласност со Законот за високото образование и Правилникот за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи за вршење високообразовна дејност.

5. Основачот може да врши запишување на студенти, откако во целост ќе ја спроведе постапката за основање на Економски факултет во согласност со Законот за високото образование, односно откако ќе добие решение за почеток со работа од Министерството за образование и наука ќе изврши запишување на високообразовната установа во Регистарот на високообразовни установи на Република Македонија, како и во судскиот Регистар кај надлежниот суд.

6. Според условите дадени во Проектот, на факултетот може да се запишат 60 студенти на прва година, под услов основачот целосно да го обезбеди просторот, опремата и наставниот кадар предложени во проектот.

7. Со денот на влегувањето во сила на ова решение основачот има право да ги преземе сите активности за спроведување на Проектот за основање на Економски факултет, и да ја информира јавноста за содржината на ова Решение, како и за активностите што ги презема за основање на Факултетот.

8. Основачот нема право ова Решение да го користи за информирање на јавноста дека е завршена постапката на основање и дека се исполнети условите за вршење на високообразовна дејност на Економски факултет ниту на било кој начин да ја доведува во заблуда јавноста дека може да започне со упис на студенти.

9. Акредитацијата од точка 1 на ова решение му дава право на основачот да продолжи со подготвителните работи за основање и конституирање на Економски факултетет со право наставата да ја започне од учебната 2009/2010 година или подоцна.

10. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се применува со денот на дадената финансиска гаранција согласно законот.

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Универзитетот за туризам и менаџмент - Скопје достави Проектот за основање на Економски факулет, со барање за негова акредитација .

Од извршениот увид во Проектот за основање на Економски факултет како и во целокупната документација, експертската комисија подготви експертски извештај и го достави до Одборот за акредитација.

Одборот за акредитација на својата 12. седница одржана на 12.04.2009 година формира експертска комисија и на 18. седница одржана на 6.07.2009 година го разгледа Извештајот на експертската комисија по Проектот за основање Економски факулетт и одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Членовите на Одборот за акредитација одлуката за акредитација на Економски факултет ја донесоа едногласно.

Одборот за акредитација заклучи да му укаже на основачот дека ова решение му дава право на основачот да продолжи со подготвителните работи за основање и конституирање на Економскиот факултетот со право наставата да ја започне од учебната 2009/2010 година или подоцна, по извршувањето на подготовките за почетокот со работа и добивањето на решение од Министерството за образование и наука дека се исполнети условите за почеток со работа на Факултетот.

Членовите на Одборот за акредитација одлуката за акредитација ја донесоа едногласно.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА**
**ОДБОРОТ ЗА АКРЕДИТАЦИЈА**
**НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**
**Проф. д-р Михаил Петковски**